HydroBlocker

TKK SINCE1947

# TEKAINJECT W

## Хидроизолациона инјекциона течност

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

**Hydroblocker Tekainject W** е прозирен воден раствор на силиконати и специјални додатоци наменет за изработка на хоризонтална хидроизолација на капиларно влажни ѕидови со постапка на инјектирање. Се употребува за хидроизолација на веќе изведени стари влажни ѕидови, во случај кога во нив се појавува капиларно подигнување на водата.

### ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| Својство | Декларирана вредност |
|---|---|
| Изглед | безбојна течност |
| Густина, 20°C | 1,05 kg/dm$^3$ |
| pH | 13 ± 1 |

### ДЕЈСТВО И УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

1. **Hydroblocker Tekainject W** поради својот состав лесно се впива во најтенките пори и капилари во ѕидот кој го санираме. Во него реагира така што создава слој од малтер со хидрофобни карактеристики, односно со многу намалено капиларно впивање на водата. На тој начин водопропустливоста на материјалот, односно содржината на влага во ѕидот, се намалува за околу 70 - 90%.
2. Времето за реакција зависи од видот на материјалот на ѕидот, релативната влажност, температурата на околината и количеството на CO2 во воздухот.
3. Инјекционите отвори низ кои се става **Hydroblocker Tekainject W** треба да останат отворени ca. 4 недели, а потоа треба да се исполнат со хидрофобен малтер (малтер со додаток на заптивачот Cementol Hidrofob E -додаток за намалување на капиларната апсорпција на вода на малтерот).
4. Кога е ѕидот барем делумно засушен, трошните и влажни делови од малтер, кои сме ги отстраниле пред почетокот на санација, ги заменуваме со нови хидрофобни малтери со додаток на Cementol Hidrofob E.

### Предупредување

- **Hydroblocker Tekainject W** не е подесен за хидроизолација на ѕидови кај кои врзувачкиот малтер сѐ уште има алкални својства (нови ѕидови).
- Пред почетокот на санацијата треба да се утврди, дали е сигурно причината за оштетување капиларното подигање и ширење на водата, или влагата постои поради други причини (оштетени шахти, инсталации, дренажи, покривни покривачи, оштетени и трошни малтери и сл.).
- Постапката на санација мора да ја изведе стручна и оспособена екипа.

### ПОТРОШУВАЧКА

Ca. 8 - 10 l/m за ѕид со дебелина од 50 cm, во зависност од видот и порозноста на материјалот на ѕидот (опека, камен, вид на опека и камен, трошност на малтерот на ѕидот и сл.).

### ПАКУВАЊЕ

- пластичен канистер 10 kg, буре 60 kg

# TEKAINJECT W

## Хидроизолациона инјекциона течнос

### СКЛАДИРАЊЕ

• Производот мора да се складира во добро затворена амбалажа, така да е заштитен од оштетувања, замрзнувања и од високи температури.
• Во добро затворена, неоштетена амбалажа, складирана на нормална температура, рокот на употреба е мин. 2 година од датумот на производство.
• По истекот на рокот на употреба, производот може да биде и употреблив, но потребно е да се испитаат оние карактеристики кои се важни за планираната употреба.

---

### БЕЗБЕДНОСНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**Hydroblocker Tekainject W** е нагризувачки и многу алкален, и затоа на кожата може да предизвика изгореници и да ја нагризе слузокожата (повреди на очите). Затоа при работата со него мораме да носиме соодветно заштитно одело, заштитни ракавици како и заштита за очи. Ако дојде до прскања по кожата или очите, мора веднаш да се исплакнат со големо количество на вода, влажната облека соблечете ја и побарајте лекарска помош.

Во текот на работата со **Hydroblocker Tekainject W** мораме да ги почитуваме општите упатства за работа со хемикалии:
• во текот на работата не јадеме, не пиеме и не пушиме;
• по завршувањето на работите темелно се миеме со вода.

---

### ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Упатствата се дадени врз основа на нашите истражувања и искуства, меѓутоа, поради специфичноста на условите, начинот на работа и материјалите, препорачуваме претходни проби за секој посебен случај на примена. Бидејќи не можеме да влијаеме на изведувањето на работите, не одговараме за нивниот квалитет!

---

### ПОСТАПКА НА ИНЈЕКТИРАЊЕ НА КАПИЛАРНО ВЛАЖНИ ЅИДОВИ СО HYDROBLOCKER TEKAINJECT W

1. Стариот, влажен малтер мора да се отстрани најмалку до висината на подигање на влагата, а се препорачува околу 30 cm над границата за подигање на влага.
2. Инјекционите дупки се изведуваат во два реда, во "цик-цак" распоред, како што е прикажано на скиците (дупчењето на ѕид од опека и дупчење на ѕид од камен).
• Прв ред: мин. 15 cm над нивото на теренот
• Растојание помеѓу редовите: ca. 10 cm.
• Растојание помеѓу дупките во еден ред:
  - ca. 15 cm (порозна опека)
  - ca. 7,5 cm (малтер помеѓу непорозна опека, камен)
• Дијаметар на дупките: 25 - 30 mm
• Агол на дупчење: 30° - 40° кон спротивната страна на ѕидот
• Длабочина на дупчење: дно на дупката 7 - 10 cm оддалечено од спротивната страна на ѕидот.
3. Од дупките да се вшмука или да се издува целата прашина. **Hydroblocker Tekainject W** се става со прост пад или со слаб притисок толку долго, колку што е потребно ѕидот да ја впие течноста. Ако се инјектира под притисок, тој зависи од тоа дали се инјектираат спојки (фуги) или маса на ѕид (опека, камен), како и од нивната порозност. Падот на притисокот означува губење на течноста (пукнатини, гнезда и сл.).
4. Порозните површини и празните спојки под и над зоната на инјектирање ги заптиваме со водонепропустлив премаз Hydroblocker Hidroizol N или S, за да се спречи истекувањето на **Hydroblocker Tekainject W** од ѕидот.
5. Ѕидовите со дебелина поголема од 50 cm се инјектираат од двете страни.
6. По комплетното натопување на ѕидот, дупките ги оставаме отворени 4 -6 недели, а потоа ги полниме со хидрофобен малтер (малтер со додаток за намалување на капиларното впивање на водата – заптивач Cementol Hidrofob E).
7. Посушењето на ѕидот, трошните и влажни делови од малтерот кои биле отстранети пред санацијата ги заменуваме со нов хидрофобен малтер со додаток на Cementol Hidrofob E.